**ЗАПИСНИК**
**од 17–та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 09.06.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ивона Муфишева, Шќипе Тахири, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со дневниот ред објасни дека под Точката 7 - Разно се предложени две потточки, два предлога за јавни опомени на два субјекти за прекршување на членот 141 од ЗААВМУ. Во таа насока предложи првата потточка под разно да биде Точка 7 и ќе гласи Предлог за изрекување мерка јавна опомена на КАБЕЛ ДОО од Струмица за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Втората потточка да биде Точка 8, со наслов Предлог за изрекување мерка на АНТЕНА АС КТВ од Кичево за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни, бидејќи дополнително се додадоа две точки во дневниот ред, претходната точка Разно која беше Точка 7 сега ќе биде Точка 9. Бидејќи немаше забелешки или други предлози, вака коригираниот дневен ред го стави на гласање.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот дополнет:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.06.2021 година.
2. Предлог за поведување прекршочна постапка против Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Студија за можностите за воведување дигитално радио.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Анализа на можностите и потребите за воведување DVB-T2.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Истражување-Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: пијалоци и потреби за кујна.
7. Предлог за изрекување мерка на КАБЕЛ ДОО од Струмица за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка на АНТЕНА АС КТВ од Кичево за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.06.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на одделението за програмски и административен надзор Шќипе Тахири го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица. Објасни дека за ТВ СИТЕЛ направен е контролен надзор на 17 мај оваа година бидејќи претходно беше спроведен поопширен редовен надзор поради претставка за истата серија. Со контролниот надзор се констатираше дека ТВ СИТЕЛ и понатаму продолжува со вршење на истата повреда, по член 50 став 3 за серијата „Ангели“. Од ТВ Сител се побара серијата „Ангели“ да се означи со 12+ и да се помести терминот за емитување на репризните изданија, но медиумот не го испочитува барањето. Во таа насока се предлага да се покрене прекршочна постапка иако радиодифузерот имал доволно време за да се коригира. Посочи дека не е прв пат ТВ СИТЕЛ ваквите серијали да ги емитува во несоодветен термин. Забелешки од страна на Агенцијата имаше и во минатото за серијата „Сила“ за што ТВ СИТЕЛ плати и казна. Истото се повторува и сега со серијата „Ангели“. Наведе дека има доволно објаснување во Извештајот од мониторингот. Посочи дека и денес повторно пред да започне седницата се направи проверка, пред неколку дена исто така, но се уште се гледа дека репризите одат со знак цензуриран. Појасни дека не знае зошто ТВ Сител и понатаму продолжува со истата повреда на Законот, но верува дека после ова медиумот ќе има некое објаснување.

Г-дин Петрушевски рече дека ова трае подолг временски период и очигледно е дека не постапиле сериозно по изречената мерка јавна опомена. Тие продолжуваат и понатаму со прекршокот, најверојатно сакаат нешто да постигнат, дали тоа ќе го пласираат во јавноста или на суд каде што ќе оди оваа прекршочна постапка е нивна работа. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот на Службата бидејќи ова трае веќе подолг период, и исто така имаше и претставки од граѓани за оваа серија, така да нема дилема дека овој предлог треба да се поддржи.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-2173/1 од 02.06.2021 година на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Советот едногласно заклучи против ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица наведениот радиодифузер, на 17 мај 2021 година, репризата на 169-та епизода од играниот серијал „Ангели" беше несоодветно категоризирана и означена како - програма од втора категорија (8+), и беше емитувана во несоодветен програмски период.

Секторот за правни работи да изготви барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 3**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Студија за можностите за воведување дигитално радио. Објасни дека Студијата за можностите за воведување на дигитално радио е јавна набавка која е превидена во Планот за јавни набавки за оваа година, а средствата се обезбедени во Финансискиот план за 2021 година. Потребата произлезе од обврската што ја презема Агенцијата од Стратегијата за развој на радиодифузна дејност, и со оваа Студија треба да се покажат можностите што ќе ги нуди дигиталното радио како нова технологија. Објасни дека паралелно со ова, секторот пред извесно време одржал еден состанок со Македонска национална радиодифузија кои што имаат план за воведување на дигитално радио, така што оваа Студија ќе послужи како еден убав патоказ за начинот како да се имплементира и кои ќе бидат бенефициите од воведување на оваа технологија.

Г-дин Ајдини рече дека е добро што Агенцијата секогаш пристапува сериозно и одговорно на новите предизвици, а особено во делот на технолошките предизвици во сферата на медиумите, особено во делот на преносот на медиумските содржини. Како што навел и раководителот Саити ова исто така произлегува и од Законот кој и наложува на Агенцијата како обврска за следење и воведување на технологии. Во врска со воведувањето на дигитално радио објасни дека во суштина тоа нуди добар сигнал, сигнал без пречки, поголем избор на програми и други графички услуги. Рече дека во Студијата јасни се критериумите кои се наведени во однос на барањето за доделување договор за јавна набавка. Се изјасни дека Студијата за можностите за воведување на дигитално радио за него е прифатлива, и ќе гласа за оваа јавна набавка.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка за оваа јавна набавка, односно поддршка за да се изработи ваква Студија. Прво затоа што тоа е зацртано во Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година, и второ според него на овој начин се отвора врата и простор за збогатување на радио спектарот во нашата држава. Заменикот претседател г-дин Ајдини навел одредени елементи што значи дигиталното радио во однос на подигнување на нивото на стандардот на пренос на емитување на содржини. Објасни дека во минатото лично бил прашуван од повеќе заинтересирани лица околу можноста за добивање на дозвола за отворање на радиостаница која што би се емитувала меѓу другото или на државно ниво или особено во Скопскиот регион кој што е економски најсилен во однос на сите останати. Но, бидејќи FM фреквенциите се ограничен ресурс, во моментов не повеќе од 20-тина радио станици емитуваат програма на фреквенциите што се во скопскиот регион и тие се целосно зафатени, и од тие причини не може да се добие фреквенција, ниту пак на државно ниво, затоа што не е опфатен скопскиот регион. На овој начин со спроведување на дигиталното радио практично се отвара простор, математички објаснето, барем во стартот помножено со 10, ако има толку заинтересирани, да се отворат такви радиостаници што би емитувале своја програма и би се создало простор, доколку има се разбира интерес, економски пред сè, бизнис интерес, да може својата зацртана цел односно зацртан проект за тоа како да изгледа една радио програма да си ја остварат, под услов да се почитуваат законските норми кои се пропишани за добивање на таква дозвола за работа. Се изјасни дека ќе даде поддршка и смета дека ќе се добие интересна Студија која што по негово скромно мислење ќе отвори простор да се воведе и дигиталното радио на територијата на нашата држава.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Студија за можностите за воведување на дигитално радио.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Студија за можностите за воведување на дигитално радио е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-2105/2 од 31.05.2021 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 4**

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи м-р Арбен Саити го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Анализа на можностите и потребите за воведување DVB-T2. Објасни дека и оваа набавка произлезе како обврска на Агенцијата преземена од Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година. Македонија беше една од првите земји што воведе дигитална телевизија во 2014 година и тогаш DVB-TV2 не беше толку популарна. Земјите околу нас скоро сите ја имаат имплементирано оваа новата технологија DVB TV2 која е наследник на DVB TV што се користи и во моментов кај нас, и како нова технологија си има доста предности во однос на постарата технологија. Агенцијата сака да направи една анализа, една студија, за тоа кои би биле предностите и бенефициите за воведување на ваква технологија и со можното воведување на DVB TV2 ќе придонесеме кон онаа наша

филозофија на пристап за независни платформи за пристап до информации. Значи ако DVB TV имала фреквенција до 10 канали со DVB TV2 тој број двојно се зголемува.

Г-дин Петрушевски рече дека секако и времето што помина и времето што ќе помине додека да дојде до реализација ќе даде некоја економска оправданост. Смета дека и цените паѓаат затоа што ќе треба најверојатно голем дел од тие рисивери што се стари да се заменат, затоа што новите веројатно ги имаат сите можности. Се согласи дека секако треба да се направи техничка и економска анализа, мора да оди технологијата напред, ова ќе се случи, дали за три години, за 5 или за 10, секако еднаш мора да се направи и наведе дека секако и оваа анализа ќе ја добие неговата поддршка.

Г-дин Фиданоски рече дека и тој ја дава неговата поддршка. Според она што го знае, новите телевизиски приемници од последните три години го поддржуваат овој тип на примање и испраќање на сигналот, и дека тоа е добра работа. Ние сме први во регионот кој што вовел дигитализација, меѓутоа повеќето земји околу нас веќе имаат фатено чекор со DVB TV2. Колку ќе биде тоа економски исплатливо, колку тоа ќе значи трошок за граѓаните односно колку од тие имаат телевизиски приемници кои што се со понов датум на производство кои што по автоматизам го поддржуваат ова, или ќе треба дополнително да се заменуваат рисиверите доколку не се во можност домаќинствата да купат во тој момент кога би се вовела евентуално таа технологија, ќе покаже Анализата која со нетрпение ја очекува и сака да ги види резултатите кои ќе произлезат од анализата.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе ја дополни дискусијата на г-дин Фиданоски дека не е трошокот потенцијален само кај граѓаните туку и самиот оператор кој што работи. Можеби и тој ќе треба делумно да ја менува опремата, може ќе има намалување на трошоците и за телевизиите кои на национално ниво му се чини дека некаде околу 100 илјади евра годишно плаќаат за оваа услуга. Така што треба сето тоа да се испита и да не зборуваат предвреме. Се надева дека набавката односно студијата ќе даде одговори на многу прашања.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Анализа на можностите и потребите за воведување на DVB-T2.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Анализа на можностите и потребите за воведување на DVB-T2 е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-2105/2 од 31.05.2021 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Истражување-Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите. Објасни дека ова е редовна јавна набавка која што ја прави Агенцијата секоја година и која произлегува од законските обврски на Агенцијата. Анализата по нејзината изработка согласно Законот ќе се достави до Собранието и до

Министерство за труд и социјална политика. Пред неколку години таа беше и точка на пленарна седница, но последниве две години заради пандемијата со Ковид 19 или заради други причини не се разгледува.

Помошник раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Ивона Муфишева објасни дека реализирањето на оваа постапка за јавна набавка како што посочил и директорот произлегува од законската обврска на Агенцијата годишно да изработува истражување согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите и оваа обврска Агенцијата редовно ја спроведува почнувајќи од 2012 година. Изработката на оваа анализа е предвидена и со Програмата за работа на Агенцијата за 2021 година. Во однос на средствата да се реализира оваа постапка за јавна набавка објасни дека се предвидени со Финансискиот план на Агенцијата за 2021 година. А исто оваа постапка е предвидена и во Планот за јавни набавки за 2021 година. Постапката ќе се спроведе како набавка од мала вредност а критериум за доделување на договорот за јавна набавка ќе биде најдобар однос помеѓу цената и квалитетот. Огласот за доделување на договор за јавна набавка ќе се достави за објавување на електронскиот систем за јавни набавки. Како специфика издвои дека во 2021 година истражувањето ќе се концентрира на анализа на родовиот аспект во известувањето за спортот, а сите детали се дадени во техничката спецификација и во документите приложени кон оваа точка.

Г-дин Фиданоски рече дека според него сигурно ќе биде интересна анализата што ќе биде изработена, особено за спортот. Факт е, рече, бидејќи е пасиониран љубител на спортот, дека женскиот спорт е малку присутен во јавноста, многу помалку отколку машкиот спорт, и веројатно тој дисбаланс ќе биде очигледен. Рече дека ќе постави едно кратко прашање кое што редовно го поставува за ваков тип на набавки, дали сумата што е одвоена од 600,000.00 денари е горниот лимит кој што е определен и дали тоа значи дека на крајот би можела да биде и помала?

Г-дин Трајчевски објасни дека теоретски секогаш постои можност да биде сумата на аукција односно на негативното надавање намалена. Изминатите години Агенцијата имаше искуство да се стават помали суми, па потоа мораше да се повторуваат набавките бидејќи не се јавуваше никој друг, мисли дека тоа беше во 2019 година, и за да се задоволи законската обврска Агенцијата мораше и сама да ја прави Студијата. Доколку има конкуренција се надева дека сумата ќе биде сигурно намалена.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Истражување-Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Истражување – Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-2105/2 од 31.05.2021 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

*Поради технички проблем со интернет конекцијата се премина на Точка 7*

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка на КАБЕЛ ДОО од Струмица за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека станува збор за редовен програмски надзор кој што се спроведе на 3 јуни оваа година, над операторот КАБЕЛ од Струмица. Со надзорот беше констатирано дека без претходно да го регистрира во Агенцијата, го реемитува програмскиот сервис „BNT4“. Поради тоа предлогот е да се изрече мерка јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-2259/1 од 07.06.2021 година и едногласно заклучи на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговското радиодифузно друштво КАБЕЛ ДОО Струмица, да му изрече марка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговското радиодифузно друштво КАБЕЛ ДОО Струмица, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Валандово, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „BNT4“ кој не е опфатен со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка на АНТЕНА АС КТВ од Кичево за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека со редовниот надзор е прекршен истиот член од Законот, истото прекршување како и претходниот оператор, со тоа што АНТЕНА АС реемитува два програмски сервиси без да ги регистрира во Агенцијата, RUSSIA TODAY и RUSSIA TODAY DOCUMENTARY.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-2260/1 од 07.06.2021 година и едногласно заклучи на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, да му изрече марка

јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија, производство и услуги АНТЕНА АС КТВ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на РС Македонија, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Russia Today“ и „Russia Today Documentary“ кои не се опфатени со потврдите за регистрација на програмските сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Помошник раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Ивона Муфишева го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: пијалоци и потреби за кујна. Објасни дека реализацијата на оваа набавка е со цел да се обезбедат потребите на Агенцијата, за вработените и посетителите. Станува збор за јавна набавка чие спроведување е предвидено со Планот за јавни набавки за 2021 година, а средствата за нејзина реализација се обезбедени со Финансискиот план за 2021 година. Оваа постапка ќе се реализира како набавка од мала вредност, критериум за доделување на договорот за јавна набавка е цена. Огласот за доделување на договорот за јавна набавка ќе се постави за објавување во електронскиот систем за јавни набавки. Техничката спецификација и останатите документи со сите детали се дадени во прилог кон материјалот од оваа точка.

Г-дин Петрушевски дообјасни дека проценетата вредност е 200 илјади денари која што веројатно ќе оди на аукција.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: Пијалаци и потреби за кујна.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Пијалаци и потреби за кујна е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-2105/2 од 31.05.2021 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2249/10**
**17.06.2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**